# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 06 Август 2019 година<br>Скопје<br>Бр.9 Год. XIV |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за давање на приоритет за искористување на ГРАНТ средствата од кредитот за реализација на Изградба на улица за режимски пристап низ јавна површина-Крак на улица 3 (пристапна улица до шеталиштето) во Општина Ѓорче Петровсо ГРАНТ средства во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) ....................стр.2
2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) ....................стр.4
3. Одлука за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“, во„Ф1“ Под-програма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2019 година ...............стр.6
4. Одлука за согласност на План за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2020 година .........стр.8


Август 2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање на приоритет за искористување на ГРАНТ средствата од кредитот за реализација на Изградба на улица за режимски пристап низ јавна површина-Крак на улица 3 (пристапна улица до шеталиштето) во Општина Ѓорче Петровсо ГРАНТ средства во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

Се објавува Одлука за давање на приоритет за искористување на ГРАНТ средствата од кредитот за реализација на Изградба на улица за режимски пристап низ јавна површина-Крак на улица 3 (пристапна улица до шеталиштето) во Општина Ѓорче Петровсо ГРАНТ средства во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесеттата седница, одржана на ден 06.08.2019 година.

**Број 09-2684/1**
**од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 4, член 8 и член 10 од Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности (Службен весник на РМ бр.47/06, 86/08,51/2011, 28/14 и 153/15),член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата Седница одржана на ден 06.08.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на приоритет за искористување на ГРАНТ средствата од кредитот за реализација на Изградба на улица за режимски пристап низ јавна површина-Крак на улица 3 (пристапна улица до шеталиштето) во Општина Ѓорче Петровсо ГРАНТ средства во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за искористување на ГРАНТ средствата од кредитот за реализација на Изградба на улица за режимски пристап низ јавна површина – Крак на улица 3 (пристапна улица до шеталиштето) во Општина Ѓорче Петров, Скопје.

**Член 2**

Средствата за изградба на објектот од Член 1 на оваа Одлука се обезбедени од одобрен Грант од Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (МСИП) - Светска банка во висина од 3.859.393,00 денари.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-2577/3**
**од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

Се објавува Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесеттата седница, одржана на ден 06.08.2019 година.

**Број 09-2684/2**
**од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), член 47 од Законот за градот Скопје (Сл.весник на Р.М. бр.55/04 и 158/11), член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и 98/19), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 06.08.2019 година, донесе:

## О Д Л У К А
## За долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со дополнителното финансирање на Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 14.452.500 денари, а со цел реализација на капитален инвестиционен проект „ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПЕШАЧКО ДВИЖЕЊЕ, ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА, ЈАВНИ СОБИРИ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“.

### Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, под следниве услови:

- каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон,
- рок на отплата: 11 години,
- грејс период: 3 години,
- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2577/4**
**од 06.08.2019 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф" во „Ф1" Под-програма за урбанистичко планирањена Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф" во„Ф1" Под-програма за урбанистичко планирањена Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на тиесеттата седница, одржана на ден 06.08.2019 година.

**Број 09-2684/3**
**од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02) и член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/19), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 06.08..2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф" во„Ф1" Под-програма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф" за 2019год„Ф1" Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, објавена во („Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров број 19/18).

**Член 2**

Во делот I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, Трошоци за изготвување на урбанистички планови-табела Расходи, ГРУПА 42- Стоки и услуги, ПОД ГРУПА 4256- Услуги за животна средина и просторно планирање, Основни сметки 42564- Изработка на детални и други урбанистички планови во табела, во точка 1, Изработка на Блок С3 (пренос од предходна година) после зборовите С3 06, С3 12, С3 13, С3 14, С3 16 се додаваат зборовите: „ Блок С3 16.01, С3 16.02,С3 16.03" и останува С3 20, С3 21 и С3 25.

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф", во делот „Ф1" Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, е составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф" и Подпрограмата за урбанистичко планирање „Ф 1." на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-2577/5**
**од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за Годишен план за вработување за 2020 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност за Годишен план за вработување за 2020 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесеттата седница, одржана на ден 06.08.2019 година.

**Број 09-2684/3**
**од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број бр.27/2014; 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016, 142/2016 и 11/2018), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 06.08..2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за Годишен план**
**за вработување за 2020 година**

**Член 1**

Со Одлуката се дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2020 година, број 04-2566/1 од 24.07.2019 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2577/6**
**Од 06.08.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**